Фантастични дела од Лусијан Фројд, Волтер Ричард Сикерт, Дејвид Хокни, Сесил Битон, Гвен Џон можат да се видат во Скопје

Пишува Тони Димков

Фасцинантни дела од колекцијата на Британскиот совет ќе бидат два месеца изложени во Музејот на современата уметност во Скопје. Фокусот на изложбата, главно, е на цртежи, графики и фотографии од етаблирани современи британски уметници, вклучувајќи дела од Лусијан Фројд, Волтер Ричард Сикерт и Дејвид Хокни. На изложбата се прикажани и ретко видени рани фотографии на Сесил Битон и Мадам Јевонди, голи актови на Гвен Џон и Виндам Луис и акварели на Едвард Бара. Мнозинството уметници, кои се дел од оваа изложба, никогаш досега не биле изложени во Македонија. Лусијан Фројд се смета за еден од најголемите сликари на 20 век и негова поставка, во моментов, е отворена во Националната галерија на портрети во Лондон. Дејвид Хокни, исто така, има голема изложба во престижната Кралска академија. Браќата Чапман се радикални и возбудливи уметници од генерацијата млади британски уметници, што ги вклучува Демиен Хирст, Трејси Емин и други.

„Директен повод за поставувањето на изложбата е дијамантскиот јубилеј на британската кралица, организацијата на Олимписките и на Параолимписките игри во Лондон и кампањата 'Грејт' на британската амбасада. Британскиот совет сакаше да даде свој печат и придонес во прославата на овие значајни датуми за Велика Британија и воедно да помогне во промоцијата на културните врски помеѓу Велика Британија и Македонија. Затоа се одлучивме да донесеме една од изложбите од колекцијата на Британскиот совет и во овој период, во Скопје, ја имаме изложбата 'Прагови', како дела од збирката на Британскиот совет во соработка со Музејот на современата уметност", нагласи Жарко Конески од Британскиот совет во Македонија.

Збирката на Британскиот совет во светски

Приказни од британск



Лусијан Фројд
„Глава на девојка I"
© The Artist

Дијамантскиот јубилеј на британската кралица, Олимписките и Параолимписките игри во Лондон и кампањата „Грејт" на британската амбасада се повод за изложба на Британскиот совет во Македонија

Роберт Мекфирсон со Ива Петрова во моментите на поставување на изложбата „Прагови" во Музејот на современата уметност

Дејвид Хокни
„Спасената принцеза"
© David Hockney

рамки содржи повеќе од 8.500 дела. Во овој момент, седум патувачки изложби од збирката се поставени во светот. Заедно со Македонија, Британскиот совет има 110 канцеларии во светот. Детали за основањето и за одржувањето на колекцијата на Британскиот совет дознаваме и од двајцата претставници, Дијана Еклес и Роберт Мекфирсон, кои пристигнаа во Скопје со изложбата.

„Колекцијата на Британскиот совет се создава од 1938 година. Иницијативата беше многу обична. Сакавме службените простории да ги декорираме со дела од современи автори за луѓето што ни доаѓаат во посета да имаат можност да се соочат со британската уметност. По Втората светска војна, сепак, одлучивме да бидеме малку поамбициозни и да размислуваме за создавање изложби со нашата колекција и почнавме да собираме посериозни и попрофесионални дела и тогаш ги купивме сликите изработени во техника масло на платно, скулптурите и графиките. Така почнавме да правиме изложби како одговор на потребите на луѓето кои живеат надвор од Велика Британија, односно она што тие сакаат да го видат. Знаеме дека луѓето сакаат да го видат тоа што е најсовремено, односно рецентното творештво на британската уметничка сцена. Повеќето дела во нашата колекција се од уметници кои биле на почетокот на својата кариера. Критериум за избор на делата е тоа што уметниците треба да имаат оставено свој печат на британската уметничка сцена со своите дела, независно дали се британски државјани. Дел од изложбите се подготвуваат од куратори од Британскиот совет, додека во поново време поканuваме и надворешни куратори кои прават збирки и организираат изложби. Таков е примерот со директорот на галеријата 'Тејт', Николас Серота, кој во 70-тите и во 80-тите години на дваесеттиот век направи неколку изложби со дела од колекцијата на Британскиот совет. Во поново време поканuваме да дојдат млади куратори и да ја погледнат збирката и да изберат дела за изложби со одредена тематика, според нивните разбирања и поимања на уметноста. Во овој период работиме со уметница од Индија, која курира нова изложба и има поразличен поглед на збирката во однос на некој британски уметник. На некој начин нејзината селекција претставува огледало на британската уметност", рече Дијана Еклес, раководителка за збирките на Британскиот совет.

Изложбата „Прагови" од збирката на Британскиот совет е избрана и формирана од англо-португалската уметница Пола Рего. Поставени се 73 дела од 39 современи британски автори. Во претходните месеци, Музејот на современата уметност имаше изложба во Лондон и оваа изложба, на некој начин, е возвратна од Велика Британија.

„Изложбата 'Прагови' е избор на авторката Пола Рего, која сега има 76 години. Таа е многу почитувана уметница во Велика Британија. Затоа ја поканивме во депото на Британскиот совет и во одреден временски период таа почна да извлекува одредени дела и да ја формира збирката, односно изложбата 'Прагови'. Во изложбата се вклучени дела на уметници кои малку се подзаборавени или на уметници на кои им се восхитувала, како што е Сатерленд, на пример. Има интересна приказна и со фотографката Мадам Ивон, од која претходно немала видено ниту едно дело, но ги извадила нејзините дела од депото и ги вклучила во изложбата. Вклучен е и фотографот Сесил Битон со две дела. Самата авторка на изложбата е искусна графичарка и затоа успеа да најде и да извлече графички дела што се по нејзин афинитет, како Дејвид Хокни или Реј-Џонс. Сите дела зборуваат за чин на некаков почеток на одредено дејство. Таков пример е делото 'Адолесценција' на Цералд Брокхарст (1890-1978), на кое е претставена девојка во моментот кога зачекорува во светот на возрасните. Или, пак, има дело во кое човек паѓа од карпа. Значи, во делата има дејство што означува почеток или некаква пресвртница во животот. Тоа е тема што ги поврзува делата во една целина. Авторката Пола Рего има многу жива фантазија и со збирката 'Прагови' раскажува свои приказни", објасни Роберт Мекфирсон, кокуратор на изложбата.

Во уметнички контекст Пола Рего е позната по своите комплексни слики кои, обично, раскажуваат приказни и плетат сложени наративи околу теми блиски на сите нас, како што се раѓање, смрт, љубов, секс. Таа ги раскажува приказните со целосна радост и преку оваа изложба, со изборот на делата, доаѓа до израз еден дел од нејзиниот елан и страст. Избирајќи дела од збирката што не била честа појава претходно, Рего останала доследна на своето срце, оставајќи личен и високо индивидуален печат на збирката на Британскиот совет.

Изложбата „Прагови" се реализира во соработка со НУ Музеј на современата уметност во Скопје, во периодот од 22 јуни до 22 август 2012 година.

ката уметничка сцена